**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**
**ЗА ФЕВРУАРИ 2007 ГОДИНА**

## 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

Согласно забелешките на Европската Комисија дека дел од административните такси кои се наплаќаат во царинската постапка не се во согласност со европското законодавство, а кои упатуваат на нивно укинување, Царинската управа подготви и до Министерството за финансии достави предлог за изменување и дополнување на Законот за административни такси со кој се укинуваат поголем број на такси кои се наплаќаат при издавање на одобренија од страна на Царинската управа. Забелешките на Европската комисија се дадени на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување одржан на 15 и 16 мај 2006 година во Брисел.

Со предлогот за изменување и дополнување на Законот за административни такси е предвидено укинување на следните такси:

- за отворање на царински склад во висина од 60.000 денари (околу 1.000 евра);
- за одобрување на која било царинска постапка со економски ефект со општо одобрение, вклучувајќи и одобрување на преработка на стока во царински склад според постапката на преработка под царинска контрола или според постапката на увоз за облагородување во висина од 30.000 денари (околу 500 евра);
- за одобрување на поедноставување на формалностите во транзитната постапка, за одобрување на поедноставена постапка на декларирање или постапка на локално царинење како и за одобрување на поедноставување во врска со докажувањето на потеклото на стоката во висина од 30.000 денари (околу 500 евра);
- за одобрување на употреба на техника на електронска обработка на податоците во висина од 30.000 денари (околу 500 евра);.
- за користење на истоветна стока во постапката на увоз за облагородување, за користење на стандарден систем на замена во постапката на извоз за облагородување во висина од 6.000 денари (околу 100 евра);
- за спроведување на вообичаените форми на ракување во царинскиот склад, за складирање на домашната стока во царинскиот склад, за пренесување на стоката од еден царински склад во друг, како и за привремено изнесување на стоката од царинскиот склад во висина од 3.000 денари (околу 50 евра);.
- за пренесување на правата и обврските од едно на друго лице кои произлегуваат од царинската постапка со економски ефект во висина од 6.000 денари (околу 100 евра);
- за одобрување на предложената форма на водење на евиденции за стоката во слободната економска зона или слободен склад во висина од 30.000 денари (околу 500 евра);.
- за издавање на решение за вршење на царински надзор во слободната економска зона или слободен склад или одобрение за градење или адаптација во слободната зона во висина од 20.000 денари (околу 330 евра).

Заедно со предлогот за изменување и дополнување на Законот за административни таксси, Царинската управа до Министерството за финансии достави и иницијатива за воведување на единствена гранична такса која би ги заменила сите постоечки надоместоци кои на граничните премини ги наплаќаат разни државни органи и институции.

Постоечките надоместоци кои би требало да се заменат со оваа единствена гранична такса се:

- надоместокот за мерењето товарните моторни возила на ваги - наплатата ја врши Јавно претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на Република Македонија врз основа на Одлуката за утврдување на цените на услугите за користење на објектите, инталациите и платото во рамките на границата на опфат на граничните премини во РМ, со кои стопанисува ЈПССДП на РМ (Службен весник на РМ бр. 6/97);
- надоместок за влез и престој на терминал - евиденција, пресметка и наплата на надоместок за користење и престој на терминалите на домашни и странски возила врши Јавно претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на РМ врз основ на Одлука за утврдување на цените на услугите за користење на објектите, инталациите и платото во рамките на границата на опфат на граничните премини во РМ, со кои стопанисува ЈПССДП на РМ (Службен весник на РМ бр. 6/97);
- патни такси кои ги пресметуваат царинските органи, а ги наплатува АМСМ врз основа на договор меѓу Министерството за финансии и АМСМ, а врз основа на Одлука за определување на основицата, висината и начинот на надоместокот за патишта за странски возила кои ги користат патиштата во РМ (Службен весник на РМ број 51/93);
- надоместок за задолжителен преглед од страна на фито - санитарни инспектори, кои вршат преглед, пресметка и наплата за извршен преглед на стоки од растително потекло при увоз, извоз, транзит и реекспорт врз основ на Законот за заштита на растенија - Службен весник на РМ бр.25/98 и Одлука за висина на надоместок за здолжителен здравствен преглед на растенија, пратки од растенија, производи од растително потекло и преглед на пратки од средства за заштита на растенија при увоз, извоз транзит и реекспорт (Службен весник на РМ бр. 49/98 и 74/2001);
- надоместок за задолжителен преглед од страна на гранични ветеринарни-санитарни инспектори кои вршат преглед, пресметка и наплата за извршен преглед на стоки од животинско потекло при увоз, извоз и провоз врз основ на член 81 став 3 од Закон за ветеринарно здравство (Службен весник на Р.М бр.28/98) и Одлука за висината на надоместокот за извршен ветеринарно-санитарен преглед на пратки на животни, производи суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко псеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и на други предмети со кои може да се пренесува заразна болест преку граница на РМ (Службен весник на РМ бр. 36/94) како и Одлуката за измена на Одлука за висината на надоместокот за извршен ветеринарно-санитарен преглед на пратки на животни, производи суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко псеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и на други предмети со кои може да се пренесува заразна болест преку граница на РМ (Службен весник на РМ 30/96).

Ваквиот модел на организација на службите за контрола на граничните премини би овозможил намалување на времето на чекање и забрзување на трговијата и транспортот, намалување на трошоците на приватниот сектор, како и надминување на нетарифните бариери.

Во февруари е изготвен и до Министерството за финансии е доставен предлог за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, со кој се поедноставува и забрзува постапката при прифаќањето, и определувањето на минималниот износ на на банкарските гаранции кои економските субјекти мора да ги обезбедат на царинскиот орган кон одобренијата за постапки со економски ефект.

Со добивање на потребната фреквенција за безжично поврзување на релевантните институции, во февруари Царинската управа започна имплементација на втората фаза на Системот за контрола на стоките со двојна намена и оружјето – TRACKER.

Во февруари 2007 година Царинската управа изготви профил за спречување на повреди на правата од интелектуална сопственост и во овој контекст е спроведена обука за царинските службеници на граничните премини и внатрешните царински испостави .

Царинската управа во февруари 2007 година започна со активности за воспоставување на царинска лабораторија. Изготвена е детална спецификација за набавка на потребната опрема. Согласно одлуката на Владата на Република Македонија, Царинската управа распиша меѓународен тендер за набавка на 4 мобилни рентген системи за инспекција за возила со големи димензии и за контејнери. Со оглед на позитивниот исход на тендерот пред надлежните институции на ЕУ (преку канцелариајта на специјалниот претставник на Европската унија и Делегација на Европската комсиија во Скопје) поведена е постапка за пренамена на претходно алоцирани средства (во износ од 980.243 Евра) од Програмата КАРДС за 2001 во рамките на „Проектот за подршка на модернизација на царинската служба". Во оваа насока подготена е предлог на детална техничка спецификација во која се наведени 4 приоритетни области за набавка на: опрема за царинска лабораторија, опема за Секторот за контрола и истраги, Секторот за инфоматичка и комуникациска техника и Одделението за обуки. Според приотитетите на Царинската управа овие набавки значително ќе влијаат на зајакнување на институционалниот капацитет.

Во текот на февруари цариснката управа погдготви Проектно фише каде е предложена потребата од подршка од страна на ЕУ (преку идните ИПА фондови) во рамки на „Проект за подршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи" во траење од 18 месеци. Предлог проектното фише ги содржи предлозите за подршка преку 3 подпроекти и тоа: а) хармонизација на царинското законодавство во Република Македонија, со законодавството на ЕУ, б) започнување на компјутеризација на царинската служба, во правец на подобрување на ефикасноста на царинското работење и пружање на подобри услуги кон корисниците и в) подобрување на капацитетите во борбата против измамите, корупцијата и шверцот со дрога. Врз основа на ова фише се подготвува детален предлог.

Во февруари 2007 година наплатени се 2.829 милиони денари (околу 46 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, од од кои 408 милиони денари (околу 6,64 милиони евра) на име царина и други царински давачки, а 2.421 милиони денари (околу 39,36 милиони евра) на име ДДВ и акцизи. Во споредба со истиот месец 2006 година, вкупно наплатените увозни давачки во февруари 2007 година се поголеми за 43 %.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

На полето на зајакнување на административниот капацитет во текот на февруари 2007 година Царинската управа ги имаше следните активности:

- Во периодот од 01.02.-09.02.2007 година одржани се 6 обуки за користење на лични инструменти за детекција на радиоактивно зрачење (пејџери). На овие обуки учествуваа вкупно 105 царински работници и поделени се 20 пејџери на вработените во граничните испостави;

- Одржана е работна средба за запознавање со најзначајните измени во Царинската тарифа за 2007 година, согласно измените на Хармонизираниот Систем и Комбинираната номенклатура на ЕУ, на која учествуваа 18 царински работници кои се назначени да се специјализираат во областа на царинска тарифа;
- Во соработка со Агенцијата за државни службеници, одржан е работен состанок на тема „Интегритетот во јавниот сектор“ на кој е дискутирано за отпочнување на проект за изработка на интерактивен мултимедијален материјал за прашања поврзани со интегритетот, корупцијата и етиката во јавниот сектор;
- Во соработка со Министерството за надворешни работи и Дирекцијата за меѓународно право, одржан е семинар за пристапување, ратификација и спроведување на инструментите на Меѓународната агенција за атомска енергија;
- Во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Тренинг центарот за европска интеграција ЕИТЦ[1], со поддршка на ГТЗ одржана е обука за 12 царински работници на тема „Вовед во ЕУ“. На семинарот се објаснети повеќе практични работи за историјатот на Европската унија, институциите на Европската унија, политиките на Европската унија, како и начинот на користење на ИПА фондовите;
- Во соработка со Секретаријатот за европски прашања и ЕИТЦ, со поддршка на ГТЗ одржана е обука за 8 царински работници на тема „Вовед во законодавство на ЕУ“. На овој семинар се објаснети, основите на правото на Европската унија, изворите и начелата на правото на ЕУ, како и Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

Вкупно, на одржаните обуки, семинари и состаноци со времетраење од 84 часа, учествувале 146 учесници од Царинска управа.

Како дел од програмите на Светската трговска организација и напорите на Царинската управа за воведување на современи начини на самостојно стручно усовршување пријавени се двајца учесници на обука на тема „Вовед во СТО“. Обуката се изведува по електронски пат (e-learning) и досега успешно се завршени четири од предвидените седум модули.

Во овој период вкупно осум претставници на Царинската управа учествуваа на состаноци и конгреси одржани во странство.

Во текот на февруари донесена е Оперативна инструкција за проверка на работните способности и процедурите за започнување на вработување со јавен оглас во Царинската управа на Република Македонија. Објавен е јавен оглас за вработување на 31 царински службеник во Царинската управа и изготвен е образец на пријава по Јавниот оглас. Со нив се обезбедува исполнување на барањата од Конвенции и Препораки на Меѓународна организација на трудот (МОТ), на ЕУ стандардите и Аруша Декларацијата на Советот за царинска сорботка, Законот за Царинска Управа и Законот за спречување на корупција во делот на вработување, селекција и транспарентност на постапката која е во тек, врз основа на претходен план на активности, со рокови, извршители и одговорности. Со оваа инструкција и нејзината имплементација, Царинската управа за прв пат обезбедува еднакви можности за сите, владеење на правото, заштита на интегритетот, минимизирање на можностите за корупција и намалување на дискреционите права. Изборот и селекцијата се врши врз основа на претходно утврдени критериуми и стандари, со проверка на работните способности во зависност од посебните услови за

[1] EITC – European Integration Training Centre

работното место. Се очекува да се постигне поголема надворешна транспернтност која ќе гарантира поголема поддршка и доверба на пошироката јавност кон Службата и избор на најквалификувани и најкомпетентни кандидати за работното место.

## 3. Интегритет и борба против корупцијата

Врз основа на примени информации и поплаки за несоодветно однесување, постапување и злоупотреба на службената должност на царинските работници реализирани се 28 истраги. Врз основа на извршените истраги изготвени се 5 службени информации од кои две содржат барање за поведување на дисциплинска постапка, а за останатите три, поради застареноста за водење на дисциплинска постапка, за поведување постапка за утврдување на кривична одговорност.
Царинската управа спроведе внатрешни истраги за утврдување на причините на ненаплатените царински давачки од страна на правни лица- должници кои биле учесници во царинска постапка. За осумнаесет (18) прави лица се изготвени осумнаесет (18) информации во кои се наведени причините за ненаплаќање на царинскиот долг.
Царинската управа учествуваше во спроведување на акцијата на Министерството за внатрешни работи за приведување на царински работници инволвирани во дела од областа на организираниот криминал и корупцијата. По оваа акција за 11 царински работници е донесено решение за спроведување на истрага од надлежен суд, од кои за 10 е одредена и мрека притвор.
Царинската управа изврши ажурирање на евиденцијата за кривични постапки кои се водат против царински работници. Во ажурираната евиденција евидентирани се 69 отпочнати крвични постапки против царински работници, од кои на 19 царински работници им е престанат работниот однос во царинската служба и на 13 царински работници им е донесено решение за суспендирање (привремено отстранување) од работа.

## 4. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

На 13.02.2007 година преку граничниот премин Богородица во царинското подрачје на Република Македонија влегоа две товарни моторни возила натоварени со цигари марка Karelia. Бидејќи возачите на камионите немаа поднесено збирна декларација, ниту пак имаа превземано некакви дејствија за дозволена употреба и користење на предметната стока во рокот одреден од страна на царинскиот орган согласно Царинскиот закон, Царинската управа на Република Македонија по службена должност донесе решение со кое се одземаат 20 милиони парчиња цигари со фактурна вредност од 300 илјади евра. Вредноста на избегнатите давачки се проценува на околу 30 милиони денари (околу 500 илјади евра).

На 14.02.2007 година на царинскиот терминал на граничниот премин Деве Баир на македонско-бугарската граница, при преглед на стока натоварена во товарно моторно возило царинските работници во две вреќи пронајдоа 65 пакетчиња хероин во количина од 33,5 кг, кој на нарко пазарот би бил продаден за сума од околу 400 илјади евра.

На 28.02.2007 година на граничниот премин Богородица на македонско-грчката граница, на влез во Република Македонија при редовна контрола царинските работници во 6 седишта пронајдоа 6 пакетчиња хероин во количина од 4,75 кг, кој на нарко пазарот би бил продаден за сума од околу 55 илјади евра.

Во февруари 2007 година мобилните тимови на Царинската управа продолжија со интензивни активности и извршија контроли на 312 камиони, 54 автобуси и 537 патнички возила на повеќе гранични премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (цигари, алкохол, автоделови, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки).

При редовни контроли на превозни средства, стока и патници на граничните премини и во внатрешните царински испостави, царинските службеници во текот на февруари 2007 година открија повеќе обиди за недозволен пренос на стока и притоа запленија 149.600 парчиња цигари, 235 литри алкохолни пијалоци, 3.341 пакетчиња различни лекови и 36 кутии (43.200 парчиња) ханзапласт, 1.904 парчиња автомобилски делови, 11.061 парчиња различна текстилна стока, 2 пиштоли и 2 гасни пиштоли со 196 парчиња муниција за гасен пиштол и патрони за ловечко оружје, 899 парчиња мебел, 24.778 парчиња канцелариски материјал и странски средства за плаќање (67 илјади евра и 240 илјади шведски круни).

Во февруари 2007 година извршени се вкупно 16 контроли на трговски друштва, а за утврдените неправилности изготвени се вкупно 100 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 890.982,00 денари (околу 14,5 илјади евра).

Царинската управа интензивно е ангажирана во откривање и сузбивање на фалсификати на комерцијални фактури кои се поднесуваат при увозното царинење на стока во Република Македонија, како и на унапредувањето на соработката со странските царински служби во однос на дополнителната проверка на документи. Како резултат на овие активности во месец февруари 2007 година утврдена е разлика во царинска вредност декларирана за стока која е увезена, од која произлегува дополнителна наплата на помалку наплатени увозни давачки во износ од 2.230.000,00 денари (околу 36 илјади евра)

При спроведувањето на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост во текот на февруари 2007 година откриени се 33 случаи на повреда на право од интелектуална сопственост, со следната структура на фалсификувани производи:

- 898 парчиња полначи за мобилни телефони, 2 парчиња слушалки за мобилни телефони и 45 парчиња фудбалски топки со ознака SONY ERICSSON;
- 458 парчиња полначи за мобилни телефони, 2 парчиња слушалки за мобилни телефони и 10 парчиња маски за мобилни телефони со ознака SAMSUNG;
- 3.159 парчиња полначи за мобилни телефони, 600 парчиња слушалки за мобилни телефони, 5.752 парчиња маски за мобилни телефони, 3.460 парчиња батерии за мобилни телефони, 180 парчиња CD и 255 парчиња USB кабли со ознака NOKIA;
- 616 парчиња полначи за мобилни телефони, 100 парчиња слушалки за мобилни телефони, 845 парчиња маски за мобилни телефони, 1.830 парчиња батерии за мобилни телефони со ознака MOTOROLA;
- 83 парчиња далечински управувачи со ознака SONY;
- 1.158 пара патики, 705 парчиња фудбалски топки, 432 пара копачки и 408 пара чорапи со ознака ADIDAS;

- 2.341 пара патики, 276 парчиња фудбалски топки, 2.232 пара чорапи и 530 парчиња машки гаќи со ознака NIKE;
- 5.899 пара патики, 1.180 парчиња фудбалски топки, 168 пара детски патики и 23 парчиња блузи со ознака PUMA;
- 119 пара патики со ознака REEBOK;
- 24 пара патики со ознака UMBRO;
- 1.224 пара патики со ознака CONVERSE;
- 168 пара патики, 80 парчиња часовници и 103 парчиња торби со ознака DIESEL;
- 348 пара патики, 168 парчиња маици, 5.400 парчиња кошули, 8 парчиња блузи и 3.730 парчиња парфеми и тоалетни води со ознака LACOSTE;
- 23 парчиња блузи, 280 парчиња маици и 1.685 парчиња парфеми со ознака TOMMY HILFIGER;
- 1.104 парчиња креми и 41.722 парчиња декоративна козметика со ознака LOREAL;
- 960 парчиња парфеми и 18.358 парчиња декоративна козметика со ознака LANCOME;
- 3.254 парчиња парфеми и 1.438 парчиња декоративна козметика со ознака DOLCE&GABANNA;
- 5.080 парчиња парфеми, 10.922 парчиња декоративна козметика и 20 парчиња каиши со ознака CHANEL;
- 1.909 парчиња парфеми, 2.561 парчиња декоративна козметика и 60 парчиња каиши со ознака CHRISTIAN DIOR;
- 551 парчиња парфеми и деодоранси и 170 парчиња каиши со ознака GUCCI;
- 5.531 парчиња парфеми и тоалетни води со ознака DAVIDOFF;
- 3.699 парчиња парфеми и тоалетни води со ознака HUGO BOSS;
- 2.648 парчиња парфеми со ознака KENZO;
- 1.592 парчиња парфеми со ознака AQUA GIO;
- 14.488 парчиња декоративна козметика со ознака NIVEA;
- 16 парчиња акт-ташни и 18 парчња ранци со ознака SAMSONITE;
- 30 парчиња каиши со ознака FENDI;
- 180 парчиња долна облека со ознака CALVIN KLINE;
- 180 парчиња кошули со ознака MARLBORO;
- 190 парчиња каиши со ознака LOUIS VUITTON;
- 1.180 парчиња сијалици со ознака OSRAM;
- 31.000 кг детергент за перење со ознака GONG.

Споредбено со февруари 2006, кога имаше само еден случај на откриена фалсификувана стока (96 парчина патики NIKE), во текот на февруари 2007 година откриени се 33 случаи и притоа е постапувано по 164.747 парчиња фалсификувана стока и 31.000 кг фалсификуван детергент за перење.

Што се однесува до барањата за превземање на карински дејствија согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, во февруари 2006 година имаше поднесено 4 барања, додека во февруари 2007 година прифатени се 18 нови барања за превземање на царински дејствија за следните трговски марки: **PARROT, NOKIA, LUXELL, KUMTEL. SONY ERICSSON, GONG, ESCADA,**

**KENZO, GUCCI, DAVIDOFF, NEUTRO NATURAL, ACTIVEPLUS, TANEA, GENERA, QUICK FLASH, CONVERSE, SAMSONITE i OSRAM.**

Од отворена царинска телефонска линија (197) во текот на месец фаврuари примени се вкупно 7.661 повици или во просек 273 на ден, од кои:

- 3 повици А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по истите се превземени активности;
- 5 повици Б класа (информации кои бараат понатамошни испитувања од други организациони единици на Царинската управа) и истите се проследени до Одделението за разузнавање и до мобилните тимови;
- 24 повици Ј класа (информации проследени до Секторот за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници).

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за други недозволени постапувања, изготвени се 109 записници за сторен царински прекршок, а од МВР се примени 26 пријави за царински прекршок. Врз основа на записниците и пријавите во текот на февруари поднесени се 126 барања за поведување на прекршочна постапка и 10 за кривична постапка.

## 5. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

Претставници на Царинската управа учествуваа на Конференција на директори на царинските служби на европскиот регион на Светската царинска организација, која се одржа на 1 и 2 фебруари 2007 година во Будимпешта – Унгарија. На конференцијата се зборуваше за улогата на царинските служби за развој на економскиот потенцијал на земјите во регионот и прашањата на безбедноста, како од економски аспект, така и од национален аспект, улогата на Царината во XXI век, олеснувањата на трговијата, задолжителност на инструментите на СЦО, Рамковните Стандарди за безбедност и олеснување на глобалната трговија и статусот на Овластен економски оператор.

Во февруари беше реализирана посета на Царинарница Кулата во Република Бугарија со цел да се разменат искуствата во врска со царинската постапка увоз за облагородување, начинот на издавање на одобренија за увоз за облагородување и инструментите за обезбедување на евентуалниот царински долг.

Во овој период се беше реализирана посета на Царинската служба на Република Украина, на која беше усогласен текстот на Спогодбата за царинска соработка помеѓу Република Македонија и Република Украина.

Изготвена е функционална анализа на протокот на стоки низ Република Македонија при спроведување на царинските постапки во рамките на подготвителните активности за изработка на студија за поставување на Single Window концепт на проток на стоки низ Република Македонија со која се даде приказ на најначајните точки во протокот на стоки. Исто така, изготвена е и доставена до Владата на Република Македонија Информација за потребата од воведување на едношалтерски систем за увоз и извоз (Single Window) и контрола при единствено застанување (One Stop Shop) во република Македонија.

Во врска со препораките од Европската Комисија, Царинската управа во соработката со другите министерства од аспект на интегрирано гранично управување, а со цел да се изврши мерење на време на проток (“Laufzettel”) на граничиот премин на

коридорот X (Богородица- Евзони) во февруари 2007 година изврши пробно мерење, се финализираа потребните подготовки и започна спроведување на вежбата. Активностите беа координирани со претставниците на грчката царинска служба.

Од 19.02.2007 до 23.02.2007 година се реализира меѓународната операција за следење на транспорт на цигари SHADOW 2 организирана од SECI центарот. Одделението за разузнавање при Царинската управа ја координираше операцијата во која се доставуваа и примаа податоци за транспорт и заплени на цигари во и од земјите членки на SECI.

Во февруари 2007 година претставници на Царинската управа одржаа работна средба со претставници на Канцеларија за борба против царински измами при Европската унија – OLAF со цел подобрување на оперативната соработка. На средбата беше презентирана организација на начинот на работа на OLAF, како и базата на податоци која се користи за анализа на заплените во државите членки на Европска Унија. На средбата се разгледаа начините за размена на информации, пред се со земјите од регионот преку националните контакт лица.

Претставници од Царинската управа учествуваа на редовните месечни состаноците на Царинско-Шпедитерскиот Комитет каде се разгледуваа предлозите дадени од претставниците. Беа преземани соодветни мерки и активности од страна на Царинската управа за надминување на одредени состојби и отворени прашања, во однос на доставените иницијативи и тоа за продолжување на работно време на Царинарниците и Царинските испостави за прием на царински документи во ЦИ Скопје, унифицирање на царинска постапка во земјата, односно различно царинење на камиони со збирни пратки, проширување на можноста за царинење на товарни возила и техничка стока, намалување на трошоците при работењето, подобрување на администрирањето на банкарските гаранции, забрзување на постапката на царинење, подбрување на информирањето итн. Врз основа на иницијативите на Царинско шпедитерскиот комитет и текстилниот кластер за уредување на можноста за користење на намален износ на банкарска гаранција даден е предлог за измана на Уредбата за спроведување на царинскиот закон и се развиваат критериумите кои ќе се применуваат при определувањето и одобрувањето на овој намален износ.